Врз основа на член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14 и 13/20 година), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 25.12.2020 година, донесе

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
## за финансирање, одржување и заштита на објекти од културното наследство, споменици и други објекти во општина Гевгелија за 2021 година

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа програма се:

-Обезбедување на активен однос на Советот на општина Гевгелија кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на заштита на културното наследство и другите спомен обележја на подрачјето на општина Гевгелија.

-Зачувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на општина Гевгелија.

-Зачувување на објекти и споменици кои сведочат за историското минато на просторите на општина Гевгелија.

## II. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа програма ќе биде реализирано од Буџетот на Општина Гевгелија за 2021 година како и со одредени домашни и странски донации.

## III. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА

| **Ред бр.** | **ВИД НА ОБЈЕКТ** | **денари** |
|---|---|---|
| | **I. Обновување на објекти кои се прогласени за споменици на културата** | 50 000,00 |
| 1. | Реставрација на фасада на „Кангов конак“ во Гевгелија | |
| 2. | Реставрација на фасада на „Андреев конак“ во Гевгелија | |
| 3. | Реставрација на фасада на хотел „Отоман“ (кафе „Центар“) | |
| 4. | Реставрација на фасада на „Вила Тина“ во Гевгелија | |
| 5. | Реконструкција на ул. „Бранд Петрушев“(стара чаршија) во Гевгелија | |
| 6. | Изработка на биста на народниот херој Јосиф Јосифовски - Свештарот | 30 000,00 |

| **Ред. бр.** | **II. Изградба на објекти од областа на културата –спомен обележја на подрачјето на општина Гевгелија** | |
|---|---|---|
| 1. | Одржување и заштита на спомен обележјата | 20 000,00 |
| | **ВКУПНО:** | 100 000,00 |

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помагаат одржувањето и заштита на културните споменици и други објекти се следните:

-Обезбедување на стручна, техничка и друга подршка со кадри и опрема со која располага општината,

-Обезбедување на изложби и презентации на проекти од областа на образовни, културни и други објекти.

-Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на општина Гевгелија.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За реализација на активностите и средствата предвидени за истите, сите корисници опфатени со оваа Програма поднесуваат извештај до Советот на општина Гевгелија.

За реализација на Програмата надлежен е Градоначалникот на општина Гевгелија.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Гевгелија“, а ќе се применува до крајот на годината.

бр.09-1940/1
25.12.2020 год..
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Тодор Ристов**
**с.р.**